**Република Македонија**
**Општина Сопиште**



# Предлог-ПРОГРАМА

## ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ
## Ноември 2018 / Март 2 0 1 9

Изработил:
Одделение за комунални работи
Раководител Проф.Трајче Андреевски
Помлад соработник М-р Светлана Матеска-Трпеска

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 член 36 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 од Статут на општина Сопиште (Службен гласник на општина Сопиште бр. 2/97 ) и член 14 став 8 од Закон за јавните патишта (“Сл. весник на РМ”, број 84/2008, 52/2009,114/2009,124/2010, 23/2011, 53/2011 и 44/2012), точка 8 од Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на локалните патишта и улици на територија на Општина Сопиште за 2018 година и Одлука од Совет за зимско одржување на ЈКП Сопиште, Советот на Општина Сопиште на седницата одржана на ____.____2018 година ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
## за зимско одржување на локалните патишта на територија на Општина Сопиште за ноември 2018 / март 2019 година

## 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на Општина Сопиште е од големо значење за жителите од сите населени места, бидејќи се овозможува непречен проток на сообраќајот во зимски услови, а тоа е неопходно за нормално функционирање на сите области од животот на жителите од општината.

Временските непогоди во зимскиот период од годината се најчеста причина за нарушување на нормалниот проток на сообраќај, особено при несоодветна подготовка на надлежните органи.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Програмата има за цел да предвиди услови за ефикасно спроведување на зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на Општина Сопиште преку:

- Одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини
- Дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во реализацијата на оваа програма
- Дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на програмата

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата за зимско одржување е да се овозможи непрекинат и безбеден сообраќај на сите учесници во сообраќајот. Неповолните временски влијанија кои се јавуваат во зимскиот период изразени преку ниски температури, присуство на снег и мраз на коловозната површина, можат да ја намалат пропусната моќ и нивото на услуга на патот или во краен случај да презвикаат прекин во сообраќајот.

Квалитетно спроведување на работите на зимската служба зависи од повеќе чинители и тоа: географската положба, климатските услови, надморската височина, обемот на транспорт и густината на сообраќајот, степенот на опременост со механизација и соработката со субјектите инволвирани во сообраќајот.

## 4. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Зимското одржување на локалните патишта ќе го врши ЈКП Сопиште по склучен Договор со Општината и усвоени цени од страна на Советот на Општина Сопиште. Налози за извршување на Програмата ќе издава Одделението за комунални работи на Општина Сопиште.

## 5. АКТИВНОСТИ И ДИНАМИКА

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот и тоа:

- локални патишта и улици по соодветен приоритет,по тип на коловоз по кој се одвива сообраќајот, витални локални патишта и улици (од локален пат или улица до објектот) до објекти чие функционирање е од витално значење за општината
- локални патишта и улици од втор приоритет, по кој се одвива сообраќајот по тампониран или земјен коловоз и краци од локални улици.

| Приоритети по локални патишта |
|---|
| **Приоритети за чистење на снег и посипување со аброзивни средства** |
| 1. Локален пат Л-5 Сопиште – Ракотинци – Добри Дол -клучка со Р-1106 |
| 2. Локален пат Л-12 Долно Соње- Чифлик – Барово- Света Петка |
| 3. Локален пат Л- 1 Сопиште- Теферич |
| 4. Локален пат Л-9 клучка Р-2134 -Горно Соње |
| 5. Локален пат Л-14 клучка со Р-1106 – Држилово-Патишка Река |

6. Локален пат Л-13 клучка Р-1106 – Јаболце- Нова Брезница

## 6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во програмата за зимско одржување на локалните патишта на територија на Општина Сопиште за 2019 година се предлага:

## 6.1 ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

| ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Буџет на Општина Сопиште | 2.596.000,оо |
| **ВКУПНО** | **2.596.000,оо** |

## 6.2.БУЏЕТ

Во буџетот за 2019 година се планираат средства за следниве намени:

| БУЏЕТ 2019 | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Набавка на индустриска сол 100 тони | 380.000,оо |
| Набавка на ризла од 2 до 4 мм 120 тони | 116.000,оо |
| Ангажирање на ЈКП Сопиште | 2.100.000,оо |
| **ВКУПНО** | **2.596.000,оо** |

## 7. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата е задолжен Градоначалникот и Одделението за комунални работи на Општина Сопиште.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА СОПИШТЕ**

____________________
Јане Мицевски